# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1102-126/3 од 21.4.2015 година донесена на 116. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 21.4.2015 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– **проф. д-р Гале Галев** (претседател), редовен професор во пензија, наставно-научната област граѓанско право;
– **проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска** (член), редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, наставно-научна област граѓанско право;
– **доцент д-р Борка Тушевска** (член), доцент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област деловно право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 14.3.2015 година и во предвидениот рок се пријави д-р Марија Амповска, доктор на правни науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Амповска** е родена на 24 февруари 1984 година во Пробиштип. Основното и средното образование ги завршува во Пробиштип со континуиран одличен успех.

На 10 јули 2002 година се запишува како редовен студент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Дипломира на правни студии, Граѓанско-правна група, на 2 март 2007 година со просечен успех 9,57. Како втора по успех во својата генерација е наградена со сребрена статуетка „Сребрен Јустинијан” и се стекнува со звање **дипломиран правник** (*Граѓанско - правна насока*).

Веднаш по дипломирањето започнува со приправнички стаж во адвокатска канцеларија во Штип. Во меѓувреме, од страна на Матичната комисија за основање на државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избрана за помлад асистент на Правниот факултет во Кочани. Почнувајќи од 2 јули 2007 година, кандидатката заснова редовен работен однос како помлад асистент на Правниот факултет и работи на предмети од граѓанско-правната област. Во декември 2007 година се запишува на постдипломски студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и согласно со наставната програма ги положува предвидените испити со просечен успех 9,75. На 2 јули 2010 година повторно е избрана за помлад асистент на граѓанско-правна област на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во мај 2011 година кандидатката успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „Граѓанско-правна одговорност за причинета штета“ на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје и се стекнува со академски степен **магистер на правни науки од областа на граѓанското право**.

Во 2012 година е избрана за асистент во областа граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На 4 мај 2015 година успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов „Основ на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета“ под менторство на проф. д-р Гале

Галев на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и се стекнува со научен степен **доктор на правни науки.**

Кандидатката, во рамките на нејзината повеќегодишна работа како помлад асистент, е автор на повеќе трудови и материјали за интерна употреба на вежби. Ја познава компјутерската техника и ги користи нејзините програми и интернетот. Владее со англискиот и со италијанскиот јазик, активно и пасивно, и има основни познавања од германскиот јазик.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

***Кандидатката д-р Марија Амповска има:***

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на правни науки, област граѓанско право);
2. остварен просечен успех од 9.57 на студиите на прв циклус и остварен просечен успех 9.75 на втор циклус;
3. објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание/меѓународна научна публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ampovska, Marija** and Ilioski, Risto | *Agreement on Transfer of Property during Lifetime in the Legal System of the Republic of Macedonia.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research19 (2). pp. 330-337. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |
| 2 | Ilioski, Risto and **Ampovska, Marija** | *Specific Properties of the Agreement for Lifetime Support in the Legal System of the Republic of Macedonia.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research19 (1). pp. 418-425. | Од 2009 |
| 3 | **Ampovska, Marija** and Belovski, Vojo | *The meaning of the employers' liability provisions for raising the level of workers safety.* | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (1). pp. 410-417. ISSN 2307-4531 | Од 2009 |
| 4 | **Ampovska, Marija** and Ilioski, Risto (2015) 1857-8713 | The process of civil law codification in Western Balkans. | Годишен зборник на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (2013/14), 4. ISSN | Од 2009 |
| 5 | Амповска, Марија | *Правна рамка на договорот за осигурување живот во Р. Македонија.* | Зборник на трудови од Првата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 1. pp. 369-387. ISSN 978-608-244-129-0 | 2014 |
| 6 | Ilioski, Risto and **Ampovska, Marija** | *Oral will like specific form of will.* | Horizons, International Scientific Journal, 10 (16). pp. 191-202. ISSN 1857-856X. | Од 2009 |

4. препораки од двајца редовни професори од наставно-научна област граѓанско право;
5. позитивна оцена од самоевалуација;
6. рецензирана скрипта и рецензиран практикум по предметот за кој се избира од соодветната научна област, објавени во е-библиотека.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2007 година, од страна на Матичната комисија за основање на Државниот Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, кандидатката е избрана во соработничко звање помлад асистент на Правниот факултет. Почнувајќи од 2 јули 2007 кандидатката заснова редовен работен однос како помлад асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

На 2 јули 2010 година повторно е избрана за помлад асистент на граѓанско-правна област на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2012 година е избрана за асистент на научна област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Следејќи ги своите амбиции кон научноистражувачката работа на полето на правните науки, истовремено и своите професионални ангажмани, кандидатката д-р Марија Амповска реализира наставна и научноистражувачка дејност. За забележување е нејзиниот посебен интерес кон граѓанското право. Во периодот од 2007-2015 година, како соработник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на студиските програми во наставните центри во Кочани, Штип и во Струмица, таа е активно вклучена во реализирањето на вежбите по предметите од граѓанско-правна област: општ дел граѓанско право, римско право, стварно право, облигационо право, наследно право и отштетно право, а вршела и привремен ангажман на други предмети и тоа основи на економија, финансово право, филозофија на право, теорија на држава и право и јавна администрација.

***Кандидатката д-р Марија Амповска до Комисијата ги достави следниве трудови*:**

**I. Научноистражувачки трудови од областа на граѓанско право (облигационо право) објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации:**

1. Ampovska, Marija and Ilioski, Risto (2015) *Agreement on Transfer of Property during Lifetime in the Legal System of the Republic of Macedonia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (2). pp. 330-337. ISSN 2307-4531.

Ilioski, Risto and Ampovska, Marija (2015) *Specific Properties of the Agreement for Lifetime Support in the Legal System of the Republic of Macedonia*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (1). pp. 418-425.

Ampovska, Marija and Belovski, Vojo (2015) *The meaning of the employers' liability provisions for raising the level of workers safety*. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 19 (1). pp. 410-417. ISSN 2307-4531.

2. Ampovska, Marija and Ilioski, Risto (2015) The process of civil law codification in Western Balkans. Годишен зборник на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (2013/14), 4. ISSN 1857-8713.

Амповска, Марија (2014) *Правна рамка на договорот за осигурување живот во Р. Македонија*. Зборник на трудови од Првата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 1. pp. 369-387. ISSN 978-608-244-129-0.

Амповска, Марија (2014) *Правна и институционална рамка на нуклеарната енергија во Р. Македонија*. Зборник на трудови - Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“. pp. 297-310.

Амповска, Марија и Апасиев, Димитар (2014) *Еволуција на „ноксалната одговорност“ од римското право во „одговорност за друг“ во современото македонско право*. Зборник на трудови - Втора меѓународна научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието, и безбедноста во Република Македонија“, 2 (2). pp. 378-388. ISSN ISBN 978-608-4714-11-8.

Ilioski, Risto and Ampovska, Marija (2014) *Oral will like specific form of will*. Horizons, International Scientific Journal, 10 (16). pp. 191-202. ISSN 1857-856X.

***II. Останати објавени трудови***

- Амповска, Марија (2013) *Правичноста како основ на одговорност за причинета штета во нашето и во споредбеното право*. Правник бр.257.
- Амповска, Марија (2013) *Општо за договорната одговорност во правото на ЕУ*. Евродијалог, 18.
- Ampovska, Marija (2013) *Nuclear energy and nuclear law in Macedonia and neighbor countries Bulgaria, Serbia and Albania*. Balkan Social Science Review (BSSR), 1. ISSN 1857- 8772.
- Амповска, Марија (2013) *Договор за дар во македонското право*. Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (2011/12), 3. ISSN 1857-8713.
- Амповска, Марија (2012) *Општа правна уреденост на граѓанско-правната одговорност за причинета штета во правото на Европска унија*. Evrodijalog 17.
- Амповска, Марија (2012) *Критериуми за утврдување на нематеријална штета во нашето и споредбеното право*. Стручно списание *Правник*, 249. ISSN 1409-5238
- Амповска, Марија (2012) *Концептот на нематеријална штета - правна регулатива и правни тенденции*. Годишен зборник на Правен факултет, 2.
- Zdraveva, Neda and Gavrilovic, Nenad and Ampovska, Marija (2012) Izrada građanskog zakona. Forum za građansko pravo za jugoistočnu Evropu, 2. pp. 285-295. ISSN 978-608-4697-04-6.
- Амповска, Марија (2010) *Облигациони односи настанати со причинување на штета во македонското право*. Годишен зборник на Правен факултет, 1.

***III. Монографии***

- Амповска, Марија (2015) *Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета*. Монографија, Tringa design, Tetovo.
- Амповска, Марија (2015) Меѓународен правен режим на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета. Монографија, Tringa design, Tetovo.

***IV. Учебни помагала***

- Амповска, Марија, Беловски Војо (2015) *Облигационо право – рецензирана скрипта*. ISBN: *978-608-244-169-6,* линк: https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=414&ugd=3c2eb1bc643b70541acf14e3af6f3036
- Амповска, Марија, Беловски Војо (2015) *Практикум по Облигационо право – рецензиран практикум*. ISBN: 978-608-244-170-2, линк: https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=413&ugd=d91efdeae3254cdc860686727bcf88fa
- Амповска, Marija (2012) *Практикум за вежби по Наследно право*.
- Хаџи - Јанев, Методи и Амповска, Марија (2011) *Интерна скрипта за предавања Римско право, први дел*.
- Амповска, Марија (2011) *Практикум за вежби по Римско право*.
- Амповска, Марија (2010) *Интерна скрипта за вежби по Римско право, прв дел*.

**V. Магистерски труд под наслов *„Граѓанско-правна одговорност за причинета штета", 2012.***

**VI. Докторска дисертација под наслов *„Основ на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета", 2015.***

Активностите на кандидатката кои се презентирани во овој извештај ги има во е-репозиториумот (UGD Academic repository) и се објевени на веб-страницата на УГД.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите:***

**Евалуација на труд под број I/1**

***Agreement on Transfer of Property during Lifetime in the Legal System of the Republic of Macedonia.***

Во овој труд се разработува договорот за отстапување на имот за време на живот во Република Македонија, како договор со низа специфики кои произлегуваат од неговата мешовита природа. Овој договор е облигационен договор со правни последици во наследнувањето, па оттаму има и многу специфики кои се предмет на анализа во овој труд. Најпрво спецификите се разгледувани од аспект на договорните страни и содржината на нивните права и обврски. Од овие специфики произлегуваат и особините што се однесуваат на предусловите за полноважност на договорот и можноста за негова конверзија во договор за дар. Предмет на анализа е и задржувањето на правата при отстапување на имот, како и судбината на долговите на отстапителот на имот, а анализирани се и можностите и условите за престанок и отповикување на овој договор.

**Евалуација на труд под број I/2**

***Specific Properties of the Agreement for Lifetime Support in the Legal System of the Republic of Macedonia.***

Во овој труд договорот за доживотна издршка е анализиран како специфичен договор во правниот систем на Република Македонија. Во позитивното македонско право, со овој договор, давателот на издршката се обврзува спрема примателот на издршката или трето лице доживотно да пружа издршка, додека примателот на издршката го пренесува сиот свој имот или негов дел на давателот на издршката. Преносот на правото на сопственост притоа е одложен до моментот на смртта на примателот на издршката. Во овој труд се прикажува анализа на позитивно-правните прописи и се забележува дека се работи за договор кој воедно е предмет на интерес на облигационото право и наследното право.

**Евалуација на труд под број I/3**

***The meaning of the employers' liability provisions for raising the level of workers safety.***

Трудот се однесува на легислативата на Република Македонија во која заштитата на работниците за време на работа е регулирана со Закон за безбедност и здравје при работа кој предвидува низа обврски за работникот и работодавецот. Како општа обврска на работодавецот е предвидено обезбедувањето на безбедност и здравје на неговите работници во секој аспект поврзан со работата. Посебен осврт се дава на неисполнувањето на оваа обврска како основа за одговорност на  работадавецот за штетата која работникот ќе ја претрпи за време на работа. Одредбите за одговорноста на работодавецот и нивното значење за подигнување на нивото на сигурност и безбедност на работните места се фокусот на анализата во овој труд.

**Евалуација на труд под број I/4**

***The process of civil law codification in Western Balkans***

Централна тема на овој труд е граѓанското право и процесот на кодификација на истото. Поимот граѓанско право се анализара во потесна и поширока смисла, а процесот на кодификација е анализиран на државно ниво, на ниво на Европска унија и на меѓународно ниво. Целта на трудот е истражување на легислативата во Западен Балкан, поточно правните системи на Република Србија, Република Црна Гора, Република Босна и Херцеговина, Република Македонија и Република Албанија. Со оглед дека се работи за земји поранешни југословенски републики, претставено е граѓанското право во правниот систем на Југославија со цел да се прикаже правното наследство на овие републики, како и степенот на кодификација на граѓанското право кој го достигнале до денес.

**Евалуација на труд под број I/5**

***Правна рамка на договорот за осигурување живот во Р. Македонија***

Во услови кога пензискиот систем станува неодржлив во Р.Македонија, пред сè

поради изедначувањето на бројот на вработени со бројот на пензионери, а од друга страна Европската унија го поставува барањето одреден процент од населението во земјите-кандидати за членство во ЕУ да имаат животно осигурување, сè поактуелно е прашањето за договорот за животно осигурување. Во овој труд предмет на истражување е токму неговата правна рамка со цел да го утврдиме нивото на правната уреденост во нашето право, како и карактеристиките на овој договор.

**Евалуација на труд под број I/6**

***Правна и институционална рамка на нуклеарната енергија во Р. Македонија***

Иако науката за атомска радијација, атомски промени и нуклеарна фузија била развиена во периодот од 1895 до 1945 година, дури почнувајќи од 1945 година вниманието било свртено кон искористување на оваа енергија на контролиран начин за поморски погон и за создавање на електрична енергија, а во 1956 година фокусот бил ставен на технолошка еволуција на безбедни нуклеарни централи. Иако во Македонија до денешен датум не постои нуклеарна централа или нуклеарни реактори, сепак со оглед на значењето што нуклеарната енергија го има во светот и прекуграничниот карактер на последиците во случај на нуклеарен инцидент, а посебно размерите што може да ги има нуклеарната штета во нашата држава е создадена една правна и институционална рамка на полето на нуклеарната енергија. Во овој труд се зборува токму за правните извори од национален карактер кои се дел од правниот систем на нашата држава, а се однесуваат на правната регулатива на нуклеарната енергија и, пред сè, на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета, а ќе го утврдиме и односот помеѓу националното законодавство во оваа област со постоечкиот меѓународен режим на граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета. Со оглед на прашањето за граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета во Р.Македонија од посебно значење е односот на нашата држава со Бугарија, бидејќи таа е единствена соседна држава која има два активни нуклеарни реактори за производство на електрична енергија и за нашата држава и лицата кои живеат на територија на нашата држава постои опасност од нуклеарна штета што може да потекне од нуклеарен инцидент од тие два нуклеарни реактори. Затоа од значење е утврдување на националната и меѓународната правна регулатива, како и институционалната рамка кои постојат во моментот, како и детектирање на евентуална потреба за нивна измена сè со цел гарантирање на безбедноста и сигурноста, во прв ред, а во најлош случај обезбедување на надомест на нуклеарна штета за потенцијалните жртви, односно оштетени во случај на нуклеарен инцидент.

**Евалуација на труд под број I/7**

***Еволуција на „ноксалната одговорност“ од римското право во „одговорност за друг“ во современото македонско право***

Семејството отсекогаш претставувало основа единица на едно општестено уредување, без оглед дали се работи за античко или за современо општество. Токму затоа видот на односите кои постојат меѓу членовите на семејството отсекогаш биле основа на која се граделе институтите на правото, во конкретниот случај на граѓанско-правната одговорност за причинета штета. Така, во римското право улогата на pater familias и значењето на неговата власт – patria potestas биле основата на која била изградена ноксалната одговорност, како одговорност на pater familias за штетата што лицата под негова власт (неговите деца или неговите робови) ќе им ја причинеле на трети лица. Во модерното семејство, пак, на местото на pater familias од римското право стојат двајцата рамноправни родитела, а на местото на patria potestas стои не власт туку родителското право врз децата. Ваквиот однос родител – дете во современото право е основа на која правото го изгради институтот „одговорност за друг“ согласно кој родителите одговараат за штетата што на трети лица ќе им ја причинат нивните малолетни деца или пак полнолетните деца кои се неспособни за расудување. Одговорноста на родителите во современото македонско право се заснова на правилата за субјективна и објективна одговорност, како и врз начелото на справедливост, во зависност од поединостите на секој конкретен случај и согласно со законските одредби. Ноксалната одговорност и одговорноста за друг се два института кои му припаѓаат пред сè на своето време и во таа смисла не можеме ниту буквално да ги споредуваме, ниту

потполно да ги изедначуваме. Од друга страна, помеѓу нив постои суштествена сличност од причина што крајната цел на нивното постоење е иста – да се надомести штетата што на трети лица им била причинета од страна на член на семејството. Од тој аспект, можеме да кажеме дека анализата разработена во овој труд се однесува токму на правилата и начинот на кој два различни правни института ја постигнуваат оваа иста цел.

**Евалуација на труд под број I/8**
***Oral will like specific form of will***

Фокусот на овој труд е ставен на усниот тестамент и начинот на кој тој е регулиран како посебна форма на тестамент во наследното право на Република Македонија и во компаративното право. Во трудот се претставени истражувањата за позитивно-правните аспекти на усниот тестамент, но и предлози за соодветни правни решенија што се однесуваат на околностите за полноважност на овој тестамент. Така, како услов за полноважност, освен вербалното изјавување на волјата на тестаторот пред двајца сведоци, авторите на трудот предлагаат тие двајца сведовци симултано да бидат присутни со цел да се обезбеди вистинската волја на тестаторот.

**Евалуација на труд под број II/1**
***Правичноста како основ на одговорност за причинета штета во нашето и во споредбеното право***

Во општествениот живот чест случај е штетата да биде причинета од лице кое според општите правила за одговорност за причинета штета не е одговорно за причинетата штета, а од друга страна надомест на штета не може да се оствари од лицата кои според правилата на одговорност за друг во конкретниот случај се одговорни за причинетата штета. Во овие случаи, во најголем дел од современите законодавства се среќаваме со правичноста како основа на одговорност за причинета штета. Се работи за ограничен број на случаи, конкретно утврдени во законодавствата, во кои при исполнетост на одредени услови одределени од законодавецот одредено лице се повикува на одговорност, не врз основа на негова вина или врз основа на постоење ризик при употреба на опасни ствари и вршење на опасна дејност, туку врз основа на правичност.

**Евалуација на труд под број II/2**
***Општо за договорната одговорност во правото на ЕУ***

Во овој труд се истражува и елаборира договорната одговорност во правните модели на Европската унија, преку содржината на Принципите на европското договорно право објавени во 1994 година, а дополнети во 1999 година. Од поново време е обработен академскиот нацрт на принципи, дефиниции и модел правила на Европското приватно право, кој настанува во 2009 година како резултат на работата на две групи во рамките на ЕУ - Работна група за Европски граѓански законик и Истражувачка група за постоечки приватно-правни режими на земјите во ЕУ. Во трудот се изложени основните правила кои се однесуваат на прашањето за договорната одговорност со компаративна анализа во однос на македонското право и усогласеноста на неговите правни норми со оние содржани во европските правила и правни модели.

**Евалуација на труд под број II/3**
***Nuclear energy and nuclear law in Macedonia and neighbor countries Bulgaria, Serbia and Albania***

Во овој труд акценотот е ставен на мирновремената употреба на нуклеарна енергија во светот и паралелно на тоа изградбата на нуклеарното право на државно и меѓународно ниво. Трудот врши приказ на нуклеарната енергија и нејзиното значење денес во светот, а од друга страна ги прикажува предизвиците со кои правото се среќава при регулирање на овој феномен, потенцирајќи го искуството во Чернобил во 1986 година кое укажа на опасноста од нуклеарна штета во енормни размери и со прекугораничен карактер. Во услови на ваква нуклеарна катастрофа посебна важност добиваат правилата за граѓанско-правна одговорност за нуклеарната штета. Трудот го третира прашањето на овој вид

на одговорност, како и правните позиции на државите кои ги нарекуваме ненуклеарни држави во однос на институционалната и правната рамка на нуклеарната одговорност на национално и меѓународно ниво.

**Евалуација на труд под број II/4**

***Договор за дар во македонското право***

Во овој труд предмет на разгледување и истражување е еден институт на договорното право, поточно договорот за дар. Трудот се обидува да даде една што е можно покомплетна правна слика за овој институт, истражувајќи ги облигационо-правните аспекти на овој институт, како преку законската регулатива, така и преку теоретските излагања, а од друга страна и преку испреплетувањата на овој институт со одредени стварно-правни и наследно-правни институти. Исто така, во трудот се прикажува и даночно-правниот аспект на договорот за дар, како и влијанието на паулијанската тужба врз судбината на договорот за дар.

**Евалуација на труд под број II/5**

***Општа правна уреденост на граѓанско-правната одговорност за причинета штета во правото на Европска унија***

Во овој труд се истражува и елаборира општата правна уреденост на граѓанско-правната одговорност за причинета штета во правото на ЕУ преку проучување на регулативите и директивите. Истите не содржат општи одредби по повод ова прашање што значи дека прашањата за основот на одговорност, постоењето на одговорност, видот и висината на надоместот на штета и слично се прашања кои се разликуваат по својата правна уреденост од земја до земја. Тој факт создава недостаток во правниот систем на ЕУ кој претендира да се хармонизира. Со оглед на ова, како и со оглед на значењето на граѓанската одговорност за причинета штета, создадени се Принципите на европско отштетно право и се објавени во Виена во 2005 година. Трудот го става акцентот на овие Принципи, бидејќи истите ги идентификуваат општите правила на граѓанско-правната одговорност кои се среќаваат во најголем дел од одделните правни системи во ЕУ и го прикажува нивото на усогласеност на европската правна мисла по повод ова прашање денеска.

**Евалуација на труд под број II/6**

***Критериуми за утврдување на нематеријална штета во нашето и споредбеното право***

Со оглед на природата на правото на надомест на нематеријална штета, определувањето на износот на овој надомест е прашање кое судот го решава од случај до случај. Правните системи, главно, содржат критериуми кои претставуваат насоки за судијата при определување на овој износ, а среќаваат и критерими кои се изедначуваат со општи принципи, како на пример принципот на разумност и праведност. Во правните системи не се среќаваат вредносни критериуми или одредени вредносни инпути за одредување на надоместот, а воедно тука е и фактот дека не постои пазар, ниту пак пазарна вредност на болката, страдањето и другите видови нематеријална штета. Земајќи го предвид сето погоре кажано, во овој труд се обидуваме да го прикажеме токму тој процес на определување на надоместот на нематеријална штета во различни правни системи, вклучително со нашиот.

**Евалуација на труд под број II/7**

***Концептот на нематеријална штета – правна регулатива и правни тенденции***

Трудот претставува следење на тенденциите во облигационото право кои се однесуваат на облигационите односи настанати со причинување на штета. Разгледувајќи го поимот нематеријална штета од историски аспект, како и од аспект на позитивно-правната регулатива авторот ги дефинира и прикажува тенденциите кои упатуваат на многу промени кои ги претрпел концептот на нематеријална штета од минатото до денес. Притоа трудот содржи компаративни анализи за нематеријалната штета во поголемиот дел од европските правни системи, меѓународните извори, како и во македонското право.

**Евалуација на труд под број II/8**

**Izrada građanskog zakona.** ***Forum za građansko pravo za jugoistočnu Evropu***

Истражувањето се однесува на прашања во врска со процесот на изработка на граѓански законик во Македонија, анализа на постоечките правни прописи од областа на граѓанското право - општ дел, стварното право и облигационото право.

**Евалуација на труд под број II/9**

***Облигациони односи настанати со причинување на штета во македонското право***

Во овој труд кандидатката анализира и елаборира едно прашање коешто има посебно значење за облигациите воопшто, а тоа се облигационите односи настанати со причинување на штета. Трудот ги елаборира овие односи во правото на нашата земја и тоа од аспект на нивното настанување, содржина, видови во кои се јавуваат. Трудот, исто така, го разработува и прашањето за степенот на нивна уреденост во нашето позитивно право, како и за начинот на кој тие се уредени, оценувајќи го истовремено од аспект на задоволителност.

**Евалуација на труд под број III/1**

***Историски и компаративен развој на граѓанско-правната одговорност за причинета штета – монографија***

Темата на овој труд, како што се гледа и од неговиот наслов, е граѓанско-правната одговорност за причинета штета. Овој израз најчесто се употребува за означување на обврската за надомест на причинета штета и како таков познат им е и на најстарите правни извори. За старите правни поредоци е карактеристично што во нив наоѓаме случаи на колективна одговорност на семејството и случаи на одговорност уредени според начелото на талион. Дури и римското право, во кое материјата за договорите е извонредно развиена, не покажува ист степен на усовршеност на материјата за надомест на штета. Овој институт, без разлика што потекнува од најстарите правни извори, сè уште се јавува како нецелосно изграден односно нецелосно уреден и недоволно развиен институт. Од друга страна, бројот на облигациони односи настанати со причинување на штета, историски гледано покажува тенденција на пораст, што од своја страна го поставува барањето: граѓанско-правната одговорност како обврска за надомест на причинетата штета да биде јасно, недвосмилено и целосно уредена. Денеска, во однос на овој институт во правната теорија постои подвоеност на правните теоретичари. Некои правни теоретичари сметаат дека граѓанско-правната одговорност е единствена институција (теорија за единственост на граѓанско-правната одговорност), а други прават строга разлика помеѓу два посебни видови на одговорност, односно два суштински различни институти: деликтна (вондоговорна) одговорност и договорна одговорност за причинета штета (дуалистичка теорија за граѓанско-правната одговорност за причинета штета). Според авторот на овој труд од анализата на местото на граѓанско-правната одговорност и анализата на содржината на нормите кои ја сочинуваат граѓанско-правната одговорност во старите и современите правни системи, како и во меѓународните правните извори произлегува единственост на овој институт. Трудот претставува приказ на неговите карактеристики, неговата динамичност или статичност во текот на историскиот развој, како и тенденциите во неговиот развој.

**Евалуација на труд под број III/2**

***Меѓународен правен режим на граѓанско - правната одговорност за нуклеарна штета – монографија***

Почнувајќи од средината на 19 век, како резултат на техничко-технолошкиот развој и индустрискиот подем во општеството, истото се соочува со штети кои се случуваат во материјалната и личната сфера на граѓаните, но кои не можат да се препишат на вина на трети лица и поради тој факт не можат да бидат надоместени. Можеби најголемата опасност од причинување на штета во оваа смисла ја препознаваме во создавањето и користењето на нуклеарна енергија. Науката за атомската радијација, промените на атомот и нуклеарната фисијата започнува да се развива од 1895 година, а од 1939 до

1945 година фокусот на истражувањата е ставен на атомските бомби. Започнувајќи од 1945 година вниманието е свртено кон искористување на оваа енергија на контролиран начин за поморски погон и создавање на електрична енергија, а од 1956 година фокусот е ставен на технолошкиот развој на нуклеарни централи. Иако развојот на нуклеарната енергија започнува со научните откритија во Европа, тој својот процвет го доживува во Америка и Велика Британија со пуштањето во употреба на нуклеарни централи за чисто комерцијални цели, а според предвидувањето на научниците за неколку децении нов пораст ќе доживее во Источна Азија. Денеска не постои сомневање во меѓународната заедница дека нуклеарната енергија претставува развиена и безбедна технологија на која светот може да се потпре поради нејзината способност да го снабдува светот со електрична енергија и / или топлина во голем обем, по прифатлива цена и без загадување или стакленички гасови. Поради овие позитивни особини на нуклеарната енергија, како и способноста да придонесе за поголема енергетска независност на државите, владите ширум светот во сè поголем број се свртуваат кон нуклеарната енергија како централен елемент на нивните национални енергетски стратегии. Се чини дека непобитен факт е дека над сите постоечки и идни нуклеарни централи секогаш ќе стои црната сенка на нуклеарните несреќи кои го следат развојот на нуклеарната енергија од нејзините почетоци до денес. Почнувајќи од 1952 година па до денес се регистрирани повеќе од 30 несреќи и инциденти на нуклеарни централи. Сите овие несреќи се одликуваат со смрт на голем број на лица за што директна или индиректна последица е несреќата, а несреќите од останатите степени, според скалата на IAEA, се одликуваат со штетни последици различни од смрт. Ваквата општествена реалност имала свое влијание врз развојниот пат на правната регулатива на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета на национално и на меѓународно ниво. Ако се земе предвид дека тој развоен пат на национално ниво во голема мера уште на почеток ги следи тенденциите и ги прифаќа усвоените принципи на меѓународно ниво, токму меѓународниот правен режим на нуклеарната одговорност е проследен во оваа монографија, почнувајќи од првите правни правила кои го уредуваат прашањето за граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета. Меѓународниот режим за првпат се воспоставува во 1960 година под покровителство на OECD. Овој режим се воспоставува со Париската конвенција за одговорност спрема трети лица на полето на нуклеарната енергија (во понатамошниот текст Париска конвенција), а бил прифатен од страна на западноевропските земји-членки на OECD. Потребата за интернационален режим на одговорност во случај на нуклеарна штета ја увиделе и повеќе земји-членки на IAEA од Централна и Јужна Америка, Африка, Азија и Источна Европа кои станале земји-потписнички на една друга конвенција која во себе ги инкорпорирала базичните принципи содржани во Париската конвенција, со интенција за поширок географски опфат. Се работи за Виенската конвенција за граѓанско-правна одговорност за причинета штета (во понатамошниот текст Виенска конвенција) која била усвоена во 1963 година. Париската и Виенската конвенција содржат многу слични одредби за кои, и со исклучок на одредени разлики во поглед на вредносните ограничувања на одговорноста на нуклеарниот оператор, задолжителниот степен на финансиско обезбедување, обврските на државата во случај кога осигурувањето не е доволно и видовите нуклеарна штета за кои е предвиден надомест може да се каже дека се идентични. Интернационалниот режим на нуклеарна одговорност востановен со Париската и Виенската конвенција го задржал својот оригинален лик сè до крајот на 80-тите години на минатиот век, но не бил доволен да одговори на проблемите со одговорноста и надоместот кои станале очигледни по несреќата во Чернобил. Со други зборови, меѓународната заедница сфатила дека реформата мора да биде потемелна и да овозможи во случај на голема катастрофа да се постигне што поголема финансиска компензација за жртвите. Ново поглавје во интернационалното право за нуклеарна одговорност е отворено со донесување на Конвенција за дополнителен надомест за нуклеарна штета, усвоена во септември 1997 година, бидејќи оваа Конвенција ѝ дала можност на светската заедница да се справи со правната одговорност и надоместот на нуклеарна штета преку еден глобален режим кој ги вклучувал сите земји кои имаат нуклеарни централи и поголем дел од земјите кои немаат нуклеарни централи. Конвенцијата за дополнителен надомест, главно, ги задржува основните принципи востановени со Париската и Виенската конвенција, но во

исто време создава инструмент кој обезбедува повеќе парични средства кои се достапни за поголем број жртви и повеќе видови на нуклеарна штета во однос на овие конвенции.

**Евалуација на труд под број IV/1**
***Облигационо право – рецензирана скрипта***

Учебното помагало Облигационо право – општ дел (скрипта) е наменета за студентите на прв циклус на правни студии како учебно помагало за предметот Облигационо право и согласно со намената е усогласена со наставната програма што за овој предмет е предвидена на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Интерната скрипта е поделена во пет целини: прв дел – Поим, извори и начела на облигационото право; втор дел – Општо учење за облигационите односи; трет дел – Видови облигациони односи. Материјата што е вообичаено содржана во предметната програма облигационо право – општо учење за облигациите, општо учење за договорите, посебни видови договори, облигациони односи што настануваат со причинување на штета и други облигациони односи и преостанати облигации, освен во предметот Облигационо право, се среќава и во предметите Договорно право и Отштено право, коишто согласно со важечката студиска програма се изучуваат на прв циклус студии, како изборни предмети во трета година. За таа сметка, а со цел да нема повторување на одредени наставни содржини, целта на Облигационото право како посебен предмет на изучување и целта на оваа скрипта е совладување на општото учење за облигациите, како и воведување во основите на договорното и отштетното право, што треба да претставува една база која ќе ја поставиме со овој наставен предмет, за натамошно надградување на студентите на полето на Договорното и Отштетното право.

**Евалуација на труд под број IV/2**
***Практикум по Облигационо право – рецензиран практикум***

Практикумот претставува заокружена целина конципирана согласно со актуелната наставна програма по предметот Облигационо право и е наменет за студентите од прв циклус на студии при Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Содржината на практикумот е компатабилна и сеопфатна за студиските програми за кои е наменет и во целост ја следи систематиката и динамиката на наставната програма по предметот Облигационо право и истиот ги задоволува потребите на студентите да добијат знаења од практичен аспект за сите теоретски прашања кои ги изучуваат во рамките на овој предмет. Во него се содржани голем број оригинални вежби креирани од авторите за потребите на наставата, издвоени се делови од други посебни закони (различни од Законот за облигациони односи) кои регулираат материја од областа на облигационото право, презентирани се примери од судската практика претставени преку тужби, пресуди на првостепени судови, пресуди на апелациони судови и начелни правни мислења и сентенци на Врховниот суд на Република Македонија и се претставени примери на голем дел од облигационите договори.

**Евалуација на труд под број IV/3**
***Практикум за вежби по Наследно право***

Практикумот претставува учебничко помагало врз основа на кое се спроведуваат вежбите. Истиот ја следи содржината на наставната програма за предметот Наследно право и акцент става на практичната страна на оваа правна дисциплина во нашиот правен систем. Во него се опфатени темите за извори на наследното право, општи услови за настанување на наследно-правен однос кои поединечно и подетално се разработуваат, нотарите како повереници на судот и нивното учество во оставинската постапка и наследно-правните договори. Материјата за наставните единици се разгледува преку одредби од законите релеванти за одредено прашање, примери од судска пракса, вклучувајќи решенија, тужби, пресуди, начелни ставови и слично, вежби креирани од асистентот за остварување интерактивност, како и обрасци на наследно-правните договори.

**Евалуација на труд под број IV/4**

***Интерна скрипта за предавања по Римско право, прв дел***

Материјалот подготвен во оваа скрипта се однесува, исто така, на првиот дел од материјалот за испитот Римско право. Истиот е подготвен од страна на професорот и асистентот како учебно помагало, односно како замена за учебник. Тој ги разработува прашањата за извори на римското право, поделбите на истото, го разработува личното римско право, односно статусното и семејното, како и еден дел од имотното право, а тоа се основите на стварно- правните односи и наследувањето. Во него материјата по Римско право е прикажана на сумарен начин, со ставање акцент на институти од римското право кои се присутни и во денешните позитивни правни системи и се разработени прашања кои авторите сметале дека се од поголемо значење за студентите, земајќи ги предвид и останатите научни дисциплини кои студентите ги изучуваат во рамки на правните студиски програми.

**Евалуација на труд под број IV/5**

***Практикум за вежби по Римско право***

Практикумот е учебничко помагало кое студентите го користат на вежби. Имено, вежбите се замислени како утврдување на знаењата кои студентите ќе ги стекнат на предавањата. За таа цел тие ќе се изведуваат како практичен дел од наставата. Целта на вежбите е да го поттикне размислувањето на студентите за одредени прашања и да развие дискусија меѓу нив. Овој практикум треба да им послужи за да го проверат своето знаење стекнато преку читање на учебникот по Римско право, но воедно и да дојдат во допир со изворните текстови од римското право, правничкиот јазик на Римјаните, начинот на кои тие ги регулирале општествените односи и техниките што ги користеле при тоа. Овој практикум се однесува на материјалното римско право и во кратки црти ги обработува основните правила на личното, имотното, облигационото и наследното римско право. Практикумот се труди да ги опфати основните правни институти на римското право кои студентите ќе можат да ги препознаат и во денешните правни системи, во иста или во видоизменета форма и, пред сè, ќе можат да ги поврзат со нашето позитивно право. На тој начин, овој практикум треба да послужи од една страна за поуспешно совладување на материјата римско право и во исто време развивање на правниот начин на размислување кај студентите, а од друга страна треба да послужи за воочување на значењето и придонесот на римското право за денешниот изглед на правните системи, посебно на нашето позитивно право.

**Евалуација на труд под број IV/6**

***Интерна скрипта за вежби по Римско право, први дел***

Материјалот анализиран и елабориран во оваа скрипта претставува практикум кој се однесува на првиот дел од материјалот по предметот Римско право. Почнувајќи од 2010 година, од кога со одлука на ННС е одобрено овој материјал да се користи за вежбите по Римско право од страна на асистентот истиот е од голема корист за студентите при изведување на вежбите како и при подготовка на материјалот за прв колоквиум по предметот Римско право. Во него на сумарен начин се издвоени побитните работи на кои студентите треба да обратат поголемо внимание и краткиот теоретски дел е надополнет со практични вежби кои се надоврзуваат на теоретскиот дел и им служат на студентите за полесно поврзување со материјата  и сфаќање на истата.

**Евалуација на труд под број V**

***Граѓанско-правна одговорност за причинета штета* – магистерски труд**

Трудот е составен од вовед, пет глави (делови) и заклучок. На крајот на секоја од главите е приложен заклучок од спроведените анализи во конкретната глава, кои подоцна се преточени во заклучните согледувања. Секое поглавје го сочинува соодветна и комплементарна тематска рамка, насочена кон елаборирање, дефинирање и изнесување заклучоци за важните аспекти на граѓанско - правната одговорност.

Во ВОВЕДОТ се поставува генералната теза која се аргументира во магистерскиот труд и се наведуваат методологијата и системот на излагањето. Генералната теза на магистерскиот труд цели да покаже дека институтот граѓанско-правна одговорност е единствен институт, односно иако навидум во правната наука, а и во законодавството на најголем број од државите во светот се зборува за договорна и вондоговорна (деликтна) одговорност како два одделни институти на граѓанско-правна одговорност, сепак, според нивните суштествени карактеристики тие во својата основа претставуваат еден единствен вид на граѓанско-правна одговорност за причинета штета.

Во првата глава кандидатката најпрво пристапува кон поимно определување на граѓанско - правната одговорност. Разгледувајќи го прашањето преку сфаќањата на теоретичарите во рамките на правната наука, кандидатката заклучува дека поимот граѓанско-правна одговорност може да има повеќе значења и истовремено го определува значењето кое ќе се земе предвид при истражувањето на граѓанско-правната одговорност. Во втората глава пристапува кон истражување на историскиот развој на овој институт. Во третата глава преку анализа на граѓанските законици кои се донесуваат во европските држави, почнувајќи од Францускиот граѓански законик како прва модерна кодификација на приватното право, како и закониците кои следат: австрискиот, германскиот, италијанскиот, швајцарскиот, холандскиот и рускиот граѓански законик, а за споредба наспроти нив го разгледува и англоамериканскиот правен систем. Во четвртата глава кандидатката го префрла тежиштето на истражувањето на меѓународно ниво, при што предмет на нејзината анализа се неколку меѓународни инструменти. На крајот, во петтата глава, предмет на анализа на кандидатката е граѓанско-правната одговорност во домашното законодавство, кое најпрво е разгледувано преку неговите корени во правото на поранешните југословенски држави за да на крајот се даде една исцрпна анализа на позитивно-правните норми. Во ЗАВРШНИТЕ СОГЛЕДУВАЊА кандидатката ги проследува најзначајните моменти од историскиот развој на институтот граѓанско-правна одговорност, утврдувајќи ги неговите карактеристики, а истовремено и општествените услови во кој тие се појавиле. На тој начин кандидатката успева да создаде една целосна претстава за овој институт и можност тој да се согледа како во историски контекст, така и како институт на денешницата, сè уште актуелен и динамичен, подложен на промени и модификации во неговата содржина, односно институт кој сè уште го нема добиено својот конечен изглед. Сумирајќи ја исцрпната анализа на правни норми, кандидатката иако ја потврдува фактичката одделеност што правните системи и меѓународните инструменти ја манифестираат кога станува збор за уредување на договорната и вон договорната одговорност, сепак смета дека воедно анализата не покажува ниту една сериозна причина која би била од суштинско значење за да се смета дека не можеме да зборуваме за единствен институт.

**Евалуација на труд под број VI**

***Основ на граѓанско - правната одговорност за нуклеарна штета (докторска дисертација)***

Докторската дисертација на кандидатката д-р Марија Амповска под наслов ***„Основ на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета“*** е структурирана во четири дела, кои содржат одреден број на глави, по секој дел следи заклучок, а на крајот како сумирање на сите заклучоци се дадени завршни согледувања. Во воведниот дел на докторската дисертација кандидатката прави поимно разграничување, помеѓу термините: правен факт во граѓанското право, правна основа во граѓанското право, правна основа во облигацоното право, правна основа на облигациониот однос со причинување на штета и основа на одговорност за причинета штета. Првиот дел од докторската дисертација насловен како *Општо за основот на граѓанско-правната одговорност*, кој, видно и од насловот, е посветен на општите прашања поврзани со основот на граѓанско-правната одговорност и кои претставуваат своевидна основа за правилно разбирање на основот на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета. Второт дел од дисертацијата кандидатката го посветува, како што кажува и насловот, на *Институционалната правна рамка на граѓанско-правната одговорност за причинета нуклеарна штета*. При ова, акцентот на истражувањето во рамките на овој наслов кандидатката го става на три одделни прашања,

кои ја наложиле потребата на секое од нив да му биде посветена посебна глава. Така, глава 1 ја покрива материјата што се однесува на: позначајните институции во рамки на кои се создава режимот на граѓанската одговорност за нуклеарна штета. Во глава 2, кандидатката за предмет на своја анализа ги зема правните инструменти со кои практично е започнат процесот со воспоставање на меѓународниот правен режим за нуклеарната одговорност за причинета штета. Во случајот станува збор за Париската конвенција за одговорност спрема трети лица на полето на нуклеарната енергија од 1960 (*Paris Convention on Third Party Liability in the Field of Nuclear Energy od 1960);* Бриселската конвенција за дополнување на Париската конвенција за одговорност спрема трети лица на полето на нуклеарната енергија, од 31 јануари 1963 година (Brussels Supplementaru *Convention to the Paris Convention on Third Party Liability in the Field of Nuclear Energy of January, 31, 1963*; и Виенска конвенција за граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета од 1963 (*Vienna Convention on Civil Liability for Nuclear Damage of May 21, 1963);* Глава 3, од овој дел на дисертацијата (која е и последна) кандидатката ја посветува на истражување на правната уреденост на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета на државно односно национално ниво, надвор од рамките на интернационалниот режим. Дел III од докторскатаа дисертација на кандидатката е насловен како *Реформа на граѓанско-правната одговорност*. Првата глава од него се однесува на граѓанско-правната одговорност за штета причинета со нуклеарната катастрофа во Чернобил, од причина што општо земено, како што заклучува кандидидатка, реформата почнува токму со несреќата во Чернобил и продолжува со несреќата во Фукушима (Јапонија) во 2011 година. Анализата на кандидатот ги опфаќа Протоколот од 1997 година за измена на Виенската конвенција; Протоколот од 2004 за измена на Париската конвенција и Протокол од 2007 година за измена на Бриселската конвенција за дополнување на Париската конвенција, како правни инструменти со кои се ревидираат постоечките конвенции. Од друга страна, кандидатката ги анализира и новите правни инструменти во постчернобилскиот период: Заеднички протокол за примена на Париската и Виенската конвенција од 1988 година и Конвенцијата за дополнителен надомест на нуклеарна штета од 1997 година. По несреќата од понов датум, Фукушима 2011, новото реформирање, како што заклучува кандидидатката, на нуклеарното право е извесна околност, но сè уште е активност од понов датум кое допрва ќе добие своја конкретизација во одредени правни инструменти. Последниот дел IV е насловен како „*Тенденција за создавање на глобален режим на граѓанско-правна одговорност за нуклеарна штета*". Најпрво кандидатот ја истражува појавата и суштествените причини за појавата на една ваква идеја во светот, како и нејзиниот развој, односно клучните моменти во историјата на нуклеарната енергија кои влијаеле на него. Од друга страна, со оглед на постоечкиот интернационален режим на нуклеарна одговорност во светот, кандидатката врши екстрахирање на неколку принципи на оваа одговорност кои денес се сметат за воспоставени во светски рамки и повеќекратно потврдени низ историското нејзино постоење. Според неа во редот на овие принципи влегуваат: 1. принципот за одговорност на нуклеарниот оператор; 2. принципот на исклучителна јурисдикција на решавањето на спорови и принципот на ограничување на на одговорноста, гледано од аспект на износот на надоместот на штетата.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***
***Кандидатката учествувала на следниве научни конференции и советувања***:

– Учество на Меѓународна научна конференција на тема „Влијанието на научниот и технолошкиот развој на полето на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија" - Скопје, од 30 октомври до 1 ноември 2014 г., Универзитет „Евро Балкан" - Скопје;
– Учество на Прва меѓународна научна конференција на тема „Општествени промени во глобалниот свет", Штип, 11-13 септември 2014, Центар за правни и политички истражувања, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип;
– Учество на Втора регионална конференција „Форум на граѓанско право за земјите од Југоисточна Европа", јануари 2012 г., во својство на млад истражувач;
– Учество на 65. Средба на правници организирана од Здружение на правници на Р.Македонија на тема „ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД РАБОТЕН

ОДНОС И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР";
- Учество на 64. Средба на правници организирана од Здружение на правници на Р.Македонија на тема „ПАРНИЧНАТА, ВОНПАРНИЧНАТА, ИЗВРШНАТА, КРИВИЧНАТА, УПРАВНАТА И СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА ВО СУДСКАТА ПРАКТИКА".

***Кандидатката е вклучена на два домашни проекти од кои еден е воедно и државен проект:***
- 2010 г. – тековен, помлад истражувач на правните аспекти на формите и факторите за мобинг во Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- 2011 г. - тековен, изработка на македонски граѓански законик, член на работна група за облигационо право.

***Кандидатката била член и на следниве факултетски органи и комисии:***
- член на Наставно-научен совет на Правен факултет од 2007 до 2009 година;
- член на Комисија за разгледување пријави за изработка на магистерски труд на студиска програма Јавна администрација со Одлука на ННС бр. 1602-102/7 од 2.2.2012 година;
- член на Дисциплинска комисија на Правен факултет со Одлука на ННС бр. 1602-130/10 од 4.4.2012 година;
- член на Издавачки совет и на Редакциски одбор за издавање на Годишен зборник бр. 3 на Правен факултет, со Одлука на ННС бр. 1602-81/26 од 15.5.2013 година;
- одговорно лице за истакнување на соопштенија на веб-страницата на Правниот факултет при УГД за летен семестар во учебната 2014/2015 г. со Одлука на ННС бр. 1102-43/18 од 5.2.2015 година;
- член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правен факултет при УГД во учебната 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013 и 2014/2015 година;
- член на Комисија за попис на основни средства и ситен инвентар на Правен факултет со одлуки на Универзитетски сенат бр. 0701-1195/16 од 18.11.2011 година, Одлука бр. 0701-1153/15 од 3.12.2012 година и Одлука бр. 0701-1239/24 од 10.11.2014 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство констатира дека според изведувањето на настава (вежби) по најголем дел од предметите од областа на граѓанското право, континуираниот развој во областа на граѓанското право, објавените научни и стручни трудови и учебни помагала, учество на конференции, учеството во научноистражувачки проекти и учество во работата на факултетски органи и комисии, д-р Марија Амповска поседува извонредни квалитети за наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациска работа.

Според Законот за високо образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Универзитетски гласник бр. 31, мај 2014 година) кандидатката д-р Марија Амповска ги исполнува критериумите да биде избрана **во звањето доцент** и за целокупната активност во извештајниот период има остварено **(НО+НИ+САОР = 35+82+36)** или вкупно **153 поени.**

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет да го усвои нашиот предлог и кандидатката д-р Марија Амповска **да ја избере во звање доцент од наставно-научната област граѓанско право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гале Галев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, член, с.р.**
**Доцент д-р Борка Тушевска, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА Д-Р МАРИЈА АМПОВСКА**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | |
| 2. | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | |
| 3. | Избор во звање асистент | 15 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **35** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга (под ред. бр. III/1 и III/2) | 2 | 10 | / | / | 20 |
| 2. | Прегледен труд (I/1, I/2, I/3, I/8) | | | 4 | 5 | 20 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (под ред. бр. I/5, I/6, I/7, II/8) | | | 4 | 2 | 8 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/**ЦА**/останати) (под ред. бр. II/3) | 1 | 6 | | | 6 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/**останати**) (под ред. бр. I/4, II/4, II/7, II/9) | 4 | 3 | | | 12 |
| 6. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 7. | Одбранет магистерска труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 8. | Учесник во научен проект (максимум три проекти) | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **82** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Бр.** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (II/1, II/2, II/5, II/6) | 4 | 2 | | | **8** |
| 2. | Член на факултетски орган, комисија | 14 | 2 | | | **28** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **36** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **НО (35)+НИ (82)+САОР (36) = 153** | | | | |